НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ШТИП

**Бети Иванова**

# ПАФТИ, ТОКИ И КОЛАНИ

## ОД ЕТНОЛОШКАТА ЗБИРКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ - ШТИП

**мај, 2025**
**Штип**

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ШТИП

**Автор**
Бети Иванова
Пафти, токи и колани од етнолошката збирка на НУ Завод и Музеј - Штип

**издавач**
Национална Установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип

**за издавачот**
Марија Причкова Митева

**уредник**
Марија Причкова Митева

**фотографии**
Киро Спасов

**графички дизајн и компјутерска обработка**
Христина Стефаноска

**тираж**
100 примероци

**Печат**
Европа 92 - Кочани

*Публикацијата е печатена со подршка од*
*министерството за култура и туризам на РС Македонија*



Од праисторијата до денес, потребата за украсување на човекот се јавувала во сите култури, без оглед на степенот на културен развој. Накитот и китењето се нераскинливо врзани во битисувањето на сите култури. Тоа ни дава слика и потврда дека украсувањето е застапено во сите историски периоди и во сите општествени слоеви, и од самиот почеток неговата содржина била поголема, која пак од друга страна може да се каже дека ја условила нивната појава. Во било кој и било каде започнат разговор за накит, најпрво се помислува на скапоцени предмети изработени од благородни метали како што се злато, сребро и платина, скапоцен и полускапоцен камен или бисери, а дури потоа се разговара и за накит изработен од помалку скапоцени материјали, но сепак со основна намена за лично украсување. Според Елица Манева* (Од средновековните појасни гарнитури до подоцнежните пафти,2012г, Годишен зборник на филозофскиот факултет) накитот во себе содржи многу лична симболика, но исто така и општа. Се смета дека тој настанал првенствено заради заштита на носителот од надворешни влијанија. Оваа теорија ја надополнува и Б. Рибаков "(яазичество древнеӳ Руси, 1987 - цитирано кај Е. Манева), кој исто така тврди дека одредени делови на телото се китат со цел на заштита од навлегување на лоши сили.

Уметничкото обликување на металот во Македонија достигнало широки размери. Видно место му припаѓа на народниот накит од бронз, месинг, сребро и бакар, кој претставува вистинска уметност во занаетчиството во средновековното златарство во Македонија. Користејќи ги златарските традиции во гравирање, исчукување и филигран македонските ковенции го развиле уметничкото создавање во металот и го збогатиле со некои специфичности во стилот. Значаен сегмент од етнолошкото наследство во НУ Завод и Музеј, Штип му припаѓа на накитот, како на металниот така и на монистрениот накит, кој во својата содржина го чува нашето богато културно наследство, нашата традиција и искуството.



*сл.1. сребрена йафшша со йравоаголен облик*

Трговијата и занаетите како и во другите поголеми градови во Македонија така и во Штип биле главните белези во деветнаесетиот и првите децении на дваесетиот век. Меѓу нив бил и кувенџискиот т.е. кујунџискиот занает. Основата на кујунџискиот занает е изработката на накит, кој бил составен дел на народна носија како на женската така и на машката. Иако биле под влијание на други познати кувенџиски центри - Скопје, Струга, Дебар, Прилеп, Кукуш и Битола секој кујунџија си имал свои карактеристики и белези. Со својата изработка на накит во градот се истакнувал кујунџијата Никола Настев.

Пафтите се специфичен дел од накитот. Зборот пафта се смета дека има персиско потекло, а на нашите Балкански простори дошол од турскиот збор pafta (тешки метални токи за закопчување на појасот). Кај овој вид на појасен накит може да се види изработка во неколку варијанти во зависност од периодот кога била направена. Тие всушност се највпечатливиот накит и имаат поголеми димензи во однос на другиот накит на народната носија кој се носел на женскиот колан. Но со помали димензии тие се и дополнителен украс на градската облека. Најмногу се носеле во деветнаесетиот век и почетокот на дваесетиот век, и претставувале вистинско ремек дело на вредните уметнички раце на мајсторите кујунџии. Коланите, токите и другите додатоци на облеката како што се чапрази и копци исто така се дел од појасниот накит на народната носија. Во изработувањето на селскиот накит од деветнаесетиот век, пафтите и коланите се прилагодуваат кон локалните потреби. Честопати во комбинација со среброто во Македонија се обработувал и седефот. Тој најчесто се користел за изработка на седефни пафти во чија орнаментика најмногу се застапени религиозни композиции и тоа најчесто Богородица со Христос, но се застапени и стилизирани цветови и птици. Начините на украсување се разновидни и се изработувале со богата декорација, со геометриски и растителни мотиви -листови, цветови, венчиња и плетеници. Во сите варијанти, пафтите биле составен дел на народната носија на целата наша држава и на Балканот. Денес во нашата земја старите традиции продолжуваат само преку филигранството како сувенири во рамки и се доста барани на пазарот..

Како интегрален дел од носиите во Македонија од осумнаесетиот па се до почетокот на дваесетиот век, пафтите доживеале многу промени со широк спектар на симболични значења за носителот, почнувајќи од нивниот облик, декорација и квалитет на изработка. Има модели од еден или два дела, рамни, кружни, правоаголни пафти, со разновидно моделирање и распоред на мотивите на лицевата страна.

Тие се традиционален вид на појасен накит чија симболика и значење се многу поголеми од тоа само да се украс на женската половина. Овој скапоцен додаток се состои од две големи, метални исти токи кои служат за закопчување на појасот со помош на кука или "*ушка*" и се едни од најраспространетите елементи на народниот накит. Освен нивната декоративна функција, покажување на женската силуета и држење на облеката, пафтите биле показател и на социјалниот и економскиот статус, но се препознаваат и верските определби и народните верувања. Но сепак кај нашиот народ тие имаат најголема улога како заштитници на жената. Пафтата како посебен накит најчесто била дарувана на невестите на денот на свадбата од страна на свекорот и свекрвата, и со тоа го означувала нејзиниот премин од еден животен циклус во друг т.е од девојка во жена која понатаму треба да донесе нов живот и да го продолжи родот. Младите девојки не носеле пафти на својата свечена облека и на ваков начин се знаело дека тие не се мажени. Во зависност од говорното подрачје во Македонија пафтите имале различни имиња, па се нарекувале *пафти, пахти, пахте, чапрази, скопци и плочи.*

Колааните како и пафтите се декоративни елементи на појасите. Направени од текстил- волнен или памучен, извезени со конец во различна боја, или пак колани изработени од монистра и метал, исто така земаат значајно место во украсувањето на половината и пленат со нивната орнаментика и убавина. Кај нив се среќаваат додатоци како што се синџирчиња, едно или во неколку реда или пак висулчиња. Изработени од легура на сребро со богата филигранска изработка и составени од повеќе споени делови или закачени едно до друго во вид на рибина кост, овие колани јасно го покажуваат економскиот и социјалниот статус на оној кој го носи. Токите исто така се изработувани од бронза, месинг, сребро, сребро со позлата или бакарни легури со посребрување во техники на лиење, филигран, гранулирање и плитко гравирање Пафтите имале поголеми и нагласени димензии и специфични облици.

Освен декорацијата, важна карактеристика на пафтата е и материјалот од кој е направена па така најголем дел од пафтите се изработени од бронза, месинг а полуксузните примероци посребрувани, или пак биле изработувани од сребро и имаат позлата. Најубава но и најтешка техника на изработка е филигранот со гранулација, но се среќаваат и многу примероци изработени во техниката на лиење, исчукување и гравирање. Како дополнителна декорација се користени и украсни каменчиња и стакленца во повеке бои. Орнаментиката може да биде поделена во неколку групи, па така се среќаваат геометриски мотиви од кои кругот е најзастапениот мотив со магиско значење - како симбол на сонцето и бесконечноста. Ромбот како мотив претставува женски симбол и секогаш се поврзува со плодноста. Кај некои пафти се среќава и шестокрака ѕвезда т.н. Соломонов знак или Давидова ѕвезда која на еден начин го претставува универзумот, но многу често се среќава и крстот кој е многу стар симбол на христијанството, со заштитна функиција од болести, несреќи и лоши очи.



*сл. 2. дел од кружна пафта*

Според формата пафтите можат да се поделат на неколку типови.

***Кружни пафти*** - составени од два или три дела, при што централниот т.е. средишниот дел е кружен, но помал во однос на страничните кружни делови на пафтата. Изработувани се во техника на лиење и исчукување, од бакар, сребро, сребро со позлата, саватисани и богато орнаментирани со геометриски и растителни мотиви. Сепак и кај нив има неколку видови - *обични кружни, и кружни со додаток* - лиен додаток поставен на двата краја на пафтите кој има цел да ги издолжи и претставува додадена декорација на пафтата наречена "*пулуз*". Кај некои кружни пафти во средината има вметнато декоративна плочка која исто така има форма на мал круг т.н. "*штит*" или "*цвет*" и служела за да се покријат куките за закопчување.



*сл. 3. кружна пафта со куки "ушка"за закопчување*



*сл. 4. кружна йафйа со йлочка "цвей" на средина*



*сл. 5. кружна пафта со додаток и плочка во средина*
*и украсни каменчиња на сите три дела*



*сл. 6. кружна пафта со додаток*

- Кружна пафта изработена од бакар и посребрена, во техника на лиење и исчукување. Направена е од два идентични делови со куки на двата дела за закопчување. Во средината изведена е розета украсена со растителни орнаменти. На самите краеви на кругот има композиција од растителни и геометриски орнаменти во непрекината низа. На прилепениот крај во вид на фистони со растителни мотиви, пафтата добива благо издолжен облик.

Пафтите во ***правоаголен облик*** се најголеми и повеќе на број зачувани во музејската збирка на накит. Најголем дел се направени од бакар посребрени,сребро или легура на сребро во техника на лиење и исчукување. Кај овие пафти на средината има поставено голем испакнат дел т.н. цвет на кој се прикачени страничните правоаголни делови. Од останатите освен по големината и обликот се разликуваат и по декорацијата. И кај овие пафти е застапена растителната и геометриската орнаментика, но се забележуваат и орнаменти со зооморфни мотиви, најчесто двоглав орел но и стилизирани претстави на рајски птици кои наликуваат на паун и го симболизираат христијанството но и вечноста.







*сл. 7. пафта со правоаголен облик*

- Правоаголна сребрена, правилно издолжена пафта, орнаментирана со плитко исчукување и гравирање. Страничните делови се овални и завршуваат со благ шпиц. Средниот дел од пафтата т.е. тока е издолжен овален елемент кој е прилепен со три медаљони. На страничните делови од пафтата се претставени растителни орнаменти во композицијасо по четири триаголници. По самиот раб на целата пафта се протега изгравирана правоаголна лента со елемент што потсетува на буквата "М". Делови од пафтата се саватисани. Во делот каде се преклопува пафтата изгравирана е годината на изработка 1855. И оваа пафта е донесена од Егејска Македонија од селото Зрново, Драмско.



*сл. 8. ӣафӣа со ӣравоаголен облик*

- Голема, посребрена пафта во правоаголен облик, изработена во техника на лиење и исчукување. Средната тока има испакната форма со уште една испакната во неа со облик на розета, убаво орнаментирана со растителни мотиви. На горната и долната ивица се залемени елементи кои изгледаат како чипка со растителни орнаменти. Едниот страничен дел е залемен на средната тока а на другиот е залемена кука за закопчување.



*сл. 9. правоаголна пафта со "давидова ѕвезда"*

- Богато орнаментирана сребрена пафта изработена во техника на исчукување и лиење. Во средишниот дел на сите три дела е изгравирана по една "давидова ѕвезда". Останатиот дел исполнет е со растителни орнаменти симетрично распределени. Во централниот дел има шест пупки, мали розетки и уште една посебна во средината во која е вметнат зелен камен во високо лежиште. Прикачувањето на пократката пафта е со сребрена игла прикачена на троен синџир. Оваа пафта е изработена од Никола Настев, штипски кујунџија.



*сл. 10. правоаголна посребрена пафта со растителни орнаменти*



*сл. 11. правоаголна пафта со розети и растителни орнаменти*



*сл. 12. правоаголна сребрена пафта*

- Изработена е од сребро во техника на лиење на калап. Била дел од колан од текстил. Составена е во два дела кои се спојуваат со внатрешна кука. Пафтата има издолжен, правоаголен облик со рамни страни и со шпицести краеви. На едниот елемент во средината има испакната розета под која има кука за спојување со другиот дел. Розетата е орнаментирана со цвет со осум листови и врамена е со концентрични кругови. Страничните делови се идентични а и орнаментите се исти како во средишниот дел. Останатиот простор е исполнет со ситни и густи растителни и геометриски орнаменти. Дополнително на долниот дел е украсена со осум тенки листести парички.

Пафти во форма на ***бадем*** или полжав се составени од три дела - еден централен во форма на елипса и два странични дела во форма на листови извиени нагоре. Изработени се најчесто од сребро, бакар, бронза и месинг, посребрувани во техника филигран, со лиење, исчукување а кај некои присутно е украсување со украсни каменчиња во боја. Кога човек ги гледа потсетуваат на крила со што се истакнува нивната заштитна функција. Ваков тип на пафти биле често застапени во Македонија, додека бадемастите пафти со седеф т.н седефлии кај нас биле распространети и изработувани под влијание на ориентот.



*сл. 13. бадемаста пафта со извиени краеви нагоре и розети во филигранска техника*



*сл. 14. бадемаста пафта со двоглав орел*

- Изработена од сребро во техника на лиење, исчукување и мало гравирање. Средишната тока е орнаментирана во подлабок рељеф за разлика од двата странични делови. Во централниот дел на токата има претстава на двоглав орел а над него има човечка глава со долга коса. Останатиот простор исполнет е со симетрично распоредени листови. Страничните пафти се исти благо извиткани нагоре на кревите, со растителни орнаменти - гранчиња, цветови и плодови и по две птици. Оваа пафта е донесена од Егејска Македониаја од селото Долно Радево.



*сл. 15. бадем пафта-седефлија*

- Мала бадемаста пафта од сребро, изработена во техника на лиење и исчукување. Краевите се благо извиени нагоре, а оквирот е украсен со растителни орнаменти -лозички. Во средината на двата дела од пафтата се вметнати седефни украсни плочки со изгравирани птици.



*сл. 16. седефна плочка за пафта со претстава на птица*



*сл. 17. дел од бадемаста пафта -седефлија, со растителни орнаменти*



*сл. 18. дел од седеф пафта со претставана рајска птица*



*сл. 19. пафта со облик на бадем со извиткани краеви нагоре*

- Бадемаста пафта изработена од нечисто сребро, во техника на лиење, исчукување и гранулирање. Има издолжена тока на средината и два идентични дела на страните извиени благо нагоре во срцевидна форма. Токата е орнаментирана со три рељефни осмолисни розети а под нив има централна композиција од растителни орнаменти вооквирени со рамно поле во кое се наоѓаат пет шестолисни мали розети, симетрично распределени.

***Токите*** исто така се дел од украсувањето на појасот на народната носија. Имаат правоаголна или округла форма но ги има и во елипсовидна и во облик на панделка. Овие токи со правоаголна форма веројатно се дел од колан кој е изработен од сребро во филигранска техника. Малите филигрански изработени токички биле носени зашиени на колан од платно во крајот на 19 а нешто подоцна во почетокот на 20 век постепено почнале да ги применуваат како украсна тока зашиена на платно носени на вратот или како брошеви. Токите имаат правоаголна форма, елипсовидна форма но имаат форма и на машничка. Токите во форма на машничка се изработени од повеќе слоеви на извиткана сребрена жица, во филигранска техника со висулчиња.



*сл. 20. тока за колан во правоаголна форма,*

*лиена на калап и ливчиња обоени со сива легура*



*сл. 21,22,23,24. мали токички за колан, во филигранска техника*



*сл. 25. тока за колан во вид на машничка,*

*изработена во два слоја од тенка сребрена жица со лиена розета на средина*



*сл. 26. тока за колан во вид на машничка,*

*изработена во три слоја од тенка сребрена жица со лиена розета на средина и висулчиња*



*сл. 27*







*сл. 28* *сл. 29* *сл. 30*

*мали сребрени ӣокички закачувани на колан од ӣлаӣно*

***Колани̅те*** од метал направени од посребрена легура или сребро со позлата како и пафтите биле подарувани на невестата исклучиво на денот на свадбата. Во нашата збирка на накит репрезентативни се два метални колани.



*сл. 31. сребрен невес̅тински колан во филиг̅ранска т̅ехника*





- Изработен е во филигранска техника од сребрена жица. составен е од шест еднакви делови и посебна тока. Сите шест дела во средината имаат розета а од страните орнаменти со стилизирани ливчиња. Токата има три слоја во вид на машна со централна пупка. Сите делови на коланот се опточени со “*фисшон*”. По стилот на изработката се претпоставува дека е изработен од познатиот штипски кујунџија Никола Настев, за млада невеста од турска националност.



*сл. 32. невестински сребрен колан*

- Овој колан изработен е од нечисто сребро, во техника на исчукување и филигран и поединечни лиени елементи. Има централна кружна пафта во два слоја од кои еден е лиен и на него е прикачена филигранска розета со камен во средината Централната кружна пафта на едната страна е залемена на друга срцевидна пафта а на другата страна има иста таква срцевидна пафта со кука за закопчување. По целата останата должина на коланот се наредени поединечни ребрести лиени елементи кои потсетуваат на рибина кост. Целиот украсен дел е прикачен на кожен каиш. И овој сребрен колан бил изработен за подарок на невеста.

Многу убав и декоративен појасен украс, особено во источниот дел на Македонија - Овче Поле, Скопско и Полог, биле ***монистрените колани*** на кои многу често се закачувале металните пафти. Додека металните појасни украси биле изработувани од мајсторите кујунџии, монистрените колани својата раскошност и убавина ја должат на вредните и креативни женски раце. Орнаментиката кај нив е исто така со стилизирани растителни мотиви - лозички, гранчиња, ливчиња, рози, лалиња, мотиви инспирирани од природата и од ориентот. Од геометриските мотиви најмногу се застапени кругот, триаголникот и ромбот, цик - цак линии, испрекинати линии кои служеле како декорација и кои имаат апотропејско значење т.е. служеле како амајлија, но исто така може да се сретне и црковен симбол како што е крстот.



*сл 33*



*сл. 34*



*сл 35*



*сл. 36*



*сл. 37*



*сл. 38*



*сл. 39*



*сл. 40*



*сл. 41*

1.Пафта, 20 век,
бакар, посребрување,
лиење, исчукување,
шир. 17см, дол 34см
Штип, инв. бр. 69

2.Дел од пафта, 20 век,
бакар, посребрување,
лиење, исчукување,
шир. 11,5см, дол. 17см.
Штип, инв.бр. 1699

3.Пафта, 20 век,
легура, посребрување,
лиење, исчукување,
шир. 12см, дол. 26см.
Штип, инв. бр. 1652

4.Пафта, 20 век,
бакар, посребрување,
лиење, исчукување,
шир. 12см, дол. 31см.
Штип, инв. бр. 1653

5.Пафта, 20 век,
бакар, посребрување,
лиење, исчукување,
шир. 13,5см, дол. 33см.
Штип, инв. бр. 1605

6.Пафта, 20 век,
бакар, посребрување,
лиење, исчукување,
шир. 13см, дол. 30см.
Штип, инв. бр. 74

7.Пафта, 20 век,
бакар, посребрување,
лиење, исчукување,
гравирање,
шир. 8,5см, дол. 27,5см
с. Зрново, Драмско,
Е. Македонија
инв. бр. 12

8.Пафта, 20 век,
бакар, посребрување,
лиење, исчукување,
гравирање,
шир. 7см, дол. 36см
Штип, инв. бр. 67

9.Пафта, 20 век,
сребро, лиење,
исчукување, гравирање,
шир. 17см, дол. 32см
Штип, инв. бр. 9

10.Пафта, 20 век,
сребро, лиење,
плитко гравирање,
шир. 10см, дол. 28см
Штип, инв. бр. 1607

11.Пафта, 20 век,
месинг, лиење,
шир. 5,5см, дол. 20см
Штип, инв. бр. 1606

12.Пафта, 20 век,
сребро, лиење,
шир. 5,6см, дол. 22см
Штип, инв. бр. 207

13.Пафта, 20 век,
слабо сребро,
лиење, филигран,
шир. 6,3см, дол. 16см
Штип, инв. бр. 1531

14.Пафта, 20 век,
сребро, лиење,
исчукување, гравирање,
шир. 11см, дол. 31см
с. Долно Радево,
Е. Македонија
Штип, инв. бр. 10

15.Пафта, 19 век,
сребрен оков, седеф,
шир. 8,5см, дол. 19см
Штип, инв. бр. 1546

16.Плочка за
пафта, 19 век,
седеф, рачна изработка,
шир. 5см, дол. 7,6см
Штип, инв. бр. 1701

17.Дел од пафта, 20 век,
сребро, седеф,
исчукување,
шир. 9,7см, дол. 12см
Штип, инв. бр. 1695

18.Дел од пафта, 20 век
сребро, седеф,
лиење, исчукување,
шир. 8см, дол. 13см
Штип, инв. бр. 1696

19.Пафта, 20 век,
бакар со посребрување,
лиење, исчукување,
шир. 13см, дол. 36см
Штип, инв. бр. 70

20.Тока, 20 век,
сива легура-олово,
лиење,
шир. 3,7см, дол. 11см
Штип, инв. бр. 218

21.Тока-дел од
колан,20 век
сребро, филигран,
шир. 2,2см, дол. 4,5см
Штип, инв. бр. 223

22.Тока-дел од
колан, 20 век
сребро, филигран,
шир. 2,5см, дол. 4,5см
Штип, инв. бр. 224

23.Тока-дел од
колан, 20 век
сребро, филигран,
шир. 2,3см, дол. 4,5см
Штип, инв. бр. 219

24. Тока-дел од
колан, 20 век
сребро, филигран,
шир. 2,5см, дол. 4,5см
Штип, инв. бр. 221

25.Тока -дел од
колан, 20 век,
сребро, филигран,
шир. 4,4см, дол. 10см
Штип, инв. бр. 1672

26..Тока -дел од
колан, 20 век,
сребро, филигран,
шир. 4,5см, дол. 5см
Штип, инв. бр. 1675

27.Тока -дел од
колан, 20 век,
сребро, лиење,
исчукување,
шир. 5см, дол. 5см
Штип, инв. бр.1676

28.Тока -дел од
колан, 20 век,
сребро, лиење,
исчукување,
шир 4,3см, дол. 4,5см
Штип, инв. бр.1677

29. Тока -дел од
колан, 20 век,
сребро, лиење,
исчукување,
шир. 4,3см, дол. 4,5см
Штип, инв. бр. 1678

30.Колан, 20 век,
сребро, лиење,
филигран,
шир. 4,4см, дол. 81см
Штип, инв. бр1

31.Колан, 20 век,
нечисто сребро, лиење,
филигран, гранулирање.
шир. 5см, дол. 76см
Штип, инв. бр. 4

32.Колан, 20 век,
монистра,
наниз на конец,
шир. 5см, дол. 82см
Штип, инв. бр. 285

33.Колан, 20 век,
монистра,
наниз на конец,
шир. 5см, дол. 92см
Штип, инв. бр. 256

34.Колан, 20 век,
монистра,
наниз на конец,
шир. 6см, дол. 85см
Штип, инв. бр. 276

35.Колан, 20 век,
монистра,
наниз на конец,
шир. 5,5см, дол. 80см
Штип, инв. бр. 284

36.Колан, 20 век,
монистра, гајтан,
кадифе,
наниз на конец,
шир. 5см, дол 92см
Штип, инв. бр. 270

37.Колан, 20 век,
монистра,
наниз на конец,
шир. 5,5см, дол. 84см
Штип, инв. бр. 271

38.Колан, 20 век,
монистра,
наниз на конец,
шир. 5см, дол. 86см
Штип, инв. бр. 274

39.Колан, 20 век,
монистра,
наниз на конец,
шир. 5,5см, дол. 86см
Штип, инв. бр. 275

40. Колан, 20 век,
монистра,
наниз на конец,
шир. 6см, дол. 88см
Штип, инв. бр. 255

41.Колан, 20 век,
монистра,
наниз на конец,
шир. 4,5см, дол. 88см
Штип, инв. бр. 255



## *Заклучок*

Збирката со накит во етнолошкото одделение при НУ Завод за заштита на спомениците на културата содржи и примероци накит за украсување на појасот како пафти, токи и колани. Некои од нив се подобро сочувани и порепрезентативни примероци. Сите предмети се рачно изработени од занаетчии од локални мајстори од градот - кујунџии, филигранисти. Дел од нив се донесени од други делови на Македонија и од надвор. Културното наследство треба да го чуваме и заштитиме. Овие предмети повеќе од половина век не се употребуваат. Може да се сретнат само како сувенири изработени од некој друг материјал најчесто срма. Кај нас тие се културно наследство и на нас останува да ги заштитуваме, истражуваме и презентираме.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

069.51:391.7(497.731)(083.824)
069.51:739.2(497.731)(083.824)
739.2:391-055.2(497.7)”18/19”(083.824)

ИВАНОВА, Бети
Пафти, токи и колани : од етнолошката збирка на ну завод и музеј - Штип / Бети Иванова ; [фотографии Кире Спасов]. - Штип : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј, 2025. - 44 стр. ; 20 см

ISBN 978-608-67035-6-1

а) НУ Завод и Музеј-Штип -- Етнолошка збирка -- Појасен накит -- Каталози б) Појасен накит -- Народна носија, женска -- Македонија -- 19-20 в. -- Каталози

COBISS.MK-ID 65893893